ИНСПИРАТИВЕН ВОДИЧ

МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА

Младински претприемнички обиди

2021-1-BG01-KA220-YOU-000028893

YETC

SFERA INTERNATIONAL

DEMOSTENE

INKUBATOR INNOWACJI

ФПКО FECE

Co-funded by the European Union

Содржина

01 Вовед

02 Дизајн/Методологија/Пристап

03 Цел

Сектор за животна средина
Социјален сектор
Културен сектор
Дигитален сектор

04 Ресурси за млад претприемач:

05 Заклучок:

06 Референци

Одрекување од одговорност

Финансиран од Европската Унија. Сепак, ставовите и мислењата кои се искажани се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или на Европската комисија. Ниту Европската унија, ниту организацијата која го одобрува грантот не може да биде одговорен за нив.

„Постојат моменти кога доаѓа период на радикални промени, кој наеднаш имплицира дека она што функционирало досега нема повеќе да функционира, и ви треба нова книга со стратегии“ - Рецеф Леви, професор МИТ.

Ковид-19 е збор што никој не сака да го слушне. Ситуација за која никој не беше подготвен. Во сиот тој шок светот замрзна, застана, реши да одмори и во целата таа збрка и темнина 'ламбите на некои луѓе продолжија да светат'. Кои? Како?
Младите претприемачи - група која отсекогаш била посебна, се одликувала со своите иновативни идеи, креативност и способност да се препознаат можностите и да се мобилизираат ресурсите потребни за започнување бизнис. На пример, Хулберт и сор. (1997) ги дефинираат претприемачките можности како „шанса да се препознае дотогаш не позната потреба, што е потенцијално профитабилна“. Претприемничка можност, според Шејн (2003), е „ситуација во која едно лице може да создаде нова рамка за средства-цели за рекомбинирање на ресурсите за кои претприемачите веруваат дека ќе донесат профит“. Лумпкин и Лихтенштајн (2005) велат дека ова е „способност да се идентификува добра идеја и да се трансформира во деловни концепти кои додаваат вредност и генерираат приходи“.Без оглед на дефиницијата или перспективата, нашироко е признаено дека младите претприемачи се посебна сорта на луѓе. Но, нешто поспецијално од млад претприемач е млад претприемач во време на криза. Оваа група на претприемачи се креатори на тој нов систем полн со предизвици во кој најмногу настрадаа глобалната економија и малите и средни претпријатија. Тие претприемачите ризикуваа и создадоа нешто ново или воведоа нешто ново од веќе постоечките бизниси. Флексибилноста и креативноста повторно се истакнаа како карактеристики кај младите претприемачи, но овојпат многу посилно. Всушност, според претприемачите, поради нивниот начин на реагирање на неволјите и нивната способност да ги препознаат можностите во состојба на неповолни услови, многу претприемачи ја искористија шансата и профитираа од нерамнотежата создадена од кризите. Сепак, кризата „Ковид-19“ создаде голем јаз во образованието и значителни тешкотии за младите луѓе да можат да го најдат својот пат на пазарот на трудот. За таа цел е подготвен овој инспиративен водич. Тој ги опфаќа добрите практики на младите претприемачи за време на „Ковид-19“ кризата. Главната цел на овој водич е да ги сподели искуствата и лекциите на младите претприемачи за време на кризата и да ги инспирира младите да веруваат во нивната идеја, а претприемачкиот успех ќе следи. Овој водич е создаден како дел од проектот Млади претприемачи во време на криза (YETC). YETC има за цел да го олесни младинскиот активизам и да го поттикне претприемачкиот начин на размислување преку вмрежување, споделување на најдобрите практики и развивање на иновативни NIFL алатки. Резултатите од проектот имаат за цел да ги инспирираат младите луѓе да преземат акција и да ја надминат неизвесноста предизвикана од нестабилната социо-економска ситуација низ Европа и да создадат позитивна вредност преку пополнување на празнините и промовирање на нови претприемачки потфати.

Дизајн/методологија/пристап

Овој водич е создаден со анализа на истражувања и практики поврзани со претприемништвото, отпорноста и кризите. Вкупно беа анализирани 54 најдобри практики во четири сектори (социјален, културен, дигитален и зелен) за да се утврдат фактите за кризите, користените методологии и преземените активности за нивно решавање.

Овој инспиративен водич содржи преглед на добрите практики на младите претприемачи за време на кризата со Ковид-19 во Бугарија, Грција, Италија, Северна Македонија, Полска, Романија и низ Европа.

Цел



Овој инспиративен водич има за цел да ги истражи актуелните практики во акција, кои се создале поради креативноста, посветеноста и ангажираноста на младите луѓе. Водичот ќе генерира идеи за подобрување на методите, пристапите и содржината на обуката. Може да се користи и како ресурс за студија на случај во образованието и за младите и за студентите.

Следниве текстови сочинуваат калеидоскоп на акции, искуства, размислувања, добри практики, факти, надежи и соништа на многу млади претприемачи за време на кризата.

Сектор за животна средина

Ковид-19 кризата, како и во сите други сектори елаборирани подолу, го погоди и зелениот. За време на првичното влијание на кризата, сè беше запоставено, заборавено и неважно, како и заштитата на животната средина, што негативно влијаеше на зелените претпријатија. Сепак, по неколку месечна пауза, многу истражувања од целиот свет објавија дека пандемијата донела значително намалување на загадувањето на животната средина и на водите. На крајот на краиштата, се чини дека Ковид-19 беше лекција за животната средина и претставуваше зелено светло во зелениот бизнис сектор. Во новата нормала, преклопувањето меѓу претприемништвото и зелениот бизнис станува сè поизразено и пораспространето. Покрај тоа, Ковид-19 значително влијаеше на зелената претприемачка само-ефикасност, оптимизмот и личните особините на зелените претприемачи. Текстот подолу ги прикажува некои од најдобрите практики на зелените претприемачи кои успеале да ги надминат предизвиците кои се појавиле порари Ковид-19 кризата.

Еве список на инспиративни најдобри практики во зелениот/еколошкиот сектор:

.

Beyond Green

Северна Македонија

Beyond Green е нова онлајн платформа за одржлива мода, „зелена" убавина и еко-живот. Ова е место каде модата може да егзистира одговорно, за клиентите да можат да уживаат во дизајнот, уметничкиот момент и љубовта кон работите што ги носат и користат секој ден. Beyond Green е основан во 2020 година. Нејзиниот основач, Теона, смета дека промената е можна кога тоа го посакувате. Целта на платформата Beyond Green е да едуцира и искрено да промовира работи што креаторот ги сака и ги користи во нејзиниот секојдневен живот и имаат белег на одржливост. Пандемијата „Ковид-19" беше предизивик и за платформата на Теона затоа што таа изгуби многу клиенти кои претходно покажаа интерес за нејзините производи. Сепак, пандемијата и даде време на Теона да го реорганизира својот бизнис модел. Потоа, нејзиниот тим дошол на идеја да основа и започне онлајн продавница. Целиот концепт на брендот е во тоа да биде еколошки и одржлив во сите аспекти, од производство до маркетинг до продажба. Beyond Green ги поддржува локалните бизниси и претприемачи и избира материјали од нив наместо да купува материјали од големи производители.



Што се однесува до предизвиците, таа ги советува идните претприемачи – „секогаш има луѓе кои ќе коментираат негативно или ќе се обидат да најдат игла во стог сено, но со текот на времето се навикнувате на нив и учите да ги игнорирате".

https://beyondgreen.shop/



bFlex

Грција

bFlex е првиот давател на зелена мобилност како услуга во Грција со визија да ги ослободи градовите како Атина од транспортното загадување. За само две минути, можете да се претплатите на кој било од велосипедите и е-скутерите онлајн и да ги добиете доставени до вашиот дом. За нив, главниот предизвик беше да го научат процесот на водење на компанија, особено кога таа компанија обезбедува 24-часовна услуга. Но, дури и кога бизнисот е во почетна фаза, тој се соочува со предизвици, а иднината е нејасна, но работата и резултатите беа многу позитивни. Во 2021 година, заедницата на bFlex спречи емитирање на 20 300 kg CO2. bFlex има за цел да го промени однесувањето при патување, во поодржливо и поеколошко, промовирајќи ја велосипедската култура како корисна за корисниците и, се разбира, за животната средина! Покрај тоа, bFlex исто така се фокусира на циркуларноста во компанијата и не продава велосипеди. **Нивната филозофија се заснова на мотото „Не постојат циркуларни производи, само циркуларни услуги“.**

https://bflex.io/

Bio Products

Северна Македонија



Единственото нешто што не одржува во живот е здравото тело и ум. Ова служеше како примарен водечки принцип за основање на малата компанија Bio Products. Скромна семејна фирма од Северна Македонија која создава био мед и производи поврзани со мед. Идејата потекнува од хобито на дедото на Виктор Петроски, а подоцна тој ја развил во бизнис. Виктор се приклучи на семејната традиција со воведување на некои промени, односно нови принципи за производите да бидат поздрави и подобри. Разликата од многу други пчелари е тоа што тие, за жал, користат повеќе хемикалии за различни цели, вклучително и заштита од паразити, крлежи и напади од оси. Напротив, Виктор, лично, имаше најмногу посветеност на примената на принципите на органското пчеларство. На почетокот на пандемијата Ковид-19, Виктор мислеше дека ќе има предизвици и дека пазарот ќе се намали, но наместо тоа, се случи спротивното. Зошто? За време на кризата со Ковид-19, луѓето сакаа да бидат поздрави и да го зајакнат својот имунолошки систем, па како резултат на тоа, многу луѓе купуваа мед и други производи кои му помагаат на нивното здравје. Овој бизнис го научи Виктор да се поврзе со природата, со дивиот свет на пчелата, бидејќи тој го одразува дивиот свет на сите животни и растенија. **Тој тврди дека комуникацијата со пчелите влијае на целото битие. Тоа ве трансформира, т.е. ги гради вашите животни вредности..**

Biomeddd

BreadPacks

Полска



Полската компанија BreadPacks прави природни и еколошки оброци од леб. Навикнати се да служат храна, но со нив може да имате и ужина. Тие се единствената вкусна замена за трици и некои други непривлечни компоненти во Полска. Користат полурачна рерна и свој рецепт за печење. За жал, пандемијата несомнено го попречи напредокот на проектот. Кафулето беше затворено, немаше настани, а таргетираната група на гости за BreadPacks беше незаинтересирана за користење на производот.

Сепак, започнувањето бизнис ги научи основачите да бидат упорни, трпеливи и да ги ценат напорите на своите вработени, а тоа е и нивната порака што ја пренесуваат до сите други потенцијални претприемачи.

https://breadpack.pl/

Cămara din Totești

Романија



Со оваа иницијатива се произведува локална храна со целосна грижа за животната средина и квалитетот на состојките. 95% од состојките се набавени локално. Она што е различно за нивните производи е тоа што користат диви цвеќиња кои можат да се јадат, за да направат џем и сируп. Пред пандемијата, компанијата буквално го обесхрабруваше купувањето преку Интернет, бидејќи сопствениците веруваа дека личната врска со клиентот е клучна. Компанијата се наоѓа во туристичка област и ги охрабрува туристите и локалните жители да ја посетат малата локална продавница. Како резултат на пандемијата, локалната храна стана сè попопуларна во Романија, давајќи им можност на нив и на другите мали бизниси. Главната цел на овој бизнис е да се развие мрежа на мали етички производители (чиста храна) и заедно да изградат центар за храна. Примарните активности се градинарство со користење на традиционални методи, потрага по храна, подготовка на храна без конзерванси, користење само традиционални методи за долгорочно зачувување и маркетинг на социјалните мрежи. Друга споредна активност е едукација и подигање на свеста: тие организираат работилници за отпадот од храна, особено во училиштата. Основачот, Пола Кристина Бора, би препорачала да се има трпение, како корисен став затоа што за иницијатива за добра практика е потребно време. **Пола верува дека да се биде ентузијаст, да работиш неуморно и никогаш да не престануваш да учиш или да се инспирираш од други ефективни практики, е од витално значење,, без оглед на тоа како те гледаат, дури и ако на почетокот изгледаш како чудак што ги прави работите поинаку и практично никој не верува во твојата идеја.**

www.camaradintotesti.ro



Coltipack Италија

Coltipack е проект фокусиран на примарното пакување на таблетите, многу вообичаен технолошки производ за возрасни и деца. Откако ќе се извади таблетот, пакувањето, направено од сертифициран FSC картон и без употреба на лепила, дава разиграно и едукативно искуство: биоразградливиот внатрешен филер се состои од подлога од тресет на која може директно да се одгледуваат различни семиња на микрозелени. Станува збор за многу лесни за одгледување садници во затворен простор со интересни нутритивни својства кои лесно растат за само еден месец, а со тоа не влијаат на оригиналното пакување. Благодарение на претходно издупчените картички, може лесно да се пристапи до содржината за садниците. Примарното пакување на електричната и електронската опрема обично е направено од материјали, поточно внатрешни филери. Овој модел на пакување не е одржлив бидејќи користи материјали како полистирен или експандиран полистирен. Затоа, Coltipack избра да ги надмине материјалите што вообичаено се користат за овој тип на производи, избирајќи биоразградливи и компостбилни материјали. Понатаму, примарното пакување сфатено како предмет сам по себе, обично се чува на таванот, каде што останува, зафаќајќи простор. Затоа, следејќи ги принципите на циркуларна економија, тимот сакаше да дизајнира амбалажа што ќе оди подалеку од тоа да служи за една цел. Идејата се роди за време на пандемијата Ковид-19 кога злоупотребата на пластика и пластифицирано пакување, експоненцијално растеше. Проектот покажува дека циркуларната економија е можна и мора да биде решение за одржлива планета. **Со инвестирање во истражување, можно е да се најдат одржливи решенија за секојдневните проблеми, како што е употребата на амбалажи за паковање.**

https://economiacircolare.com/coltipack-ecodesign-the-future/

Desusy

Полска

Desusy е полски бренд за памучна долна облека со оригинален уметнички шмек, создаден за жени. Тоа е резултат на неколкумесечна креативна работа и неколкугодишно разочарување при секое купување во традиционалните продавници. Основачите, Жанета и Евелина, не успеале на пазарот да најдат долна облека која би била издржлива, удобна, природна и убава во исто време. Затоа тие решија сами да ја креираат. Во секоја фаза од производството на долна облека, компанијата го поддржува локалниот пазар, се грижи за животната средина и произведува сè локално, во Полска. Нивната идеја да го отворат овој бизнис се појави за време на пандемијата Ковид-19. За среќа, девојките успеаја да избегнат поголеми потешкотии. Се разбира, за време на развојот на компанијата, имаше неколку моменти на сомнеж за тоа што да се прави следно, но основачите не го изгубија својот оптимизам.



Според основачите на брендот, најлошите моменти сигурно ќе се случат, и се случуваат, но тогаш вреди да не се откажувате. Добро е да имате конкретни цели, планови и правила кои и во привремени кризи ќе го одредат правецот на развојот и ќе поставуваат граници кои не сакаме да ги преминеме. Развојот на компанијата е постојано учење и развој; затоа, претприемачот не треба да се плаши да побара помош.

https://desusy.pl/

GreenUP

Бугарија

Еден од големите предизвици во Бугарија е да се исполнат очекувањата од Европскиот зелен договор. По почетокот на пандемијата Ковид-19, темите за одржлива и зелена транзиција на бизнисите и заштитата на животната средина станаа тешки поради зголемените трошоци од економската рецесија. Во таа ситуација, на земјата и беа потребни извонредни решенија за намалување на емисиите на јаглерод и загадувањето, за заштита на природата и за државата да остане конкурентна на европскиот пазар. Младиот претприемач, Ивајло Цочев, виде можност да одговори на овие потреби со воведување на интензивната програма GreenUP за млади зелени претприемачи кои можат да добијат вредна обука и менторство за развивање на нивните зелени идеи. GreenUP е еднонеделна академија организирана од малата бугарска компанија Zero Waste, чија цел е развој на одржливи старт-ап компании. Во форма на пред-акцелераторски бут камп, организаторите поканuваат амбициозни млади луѓе, ментори и предавачи за да дадат насока за значајни зелени идеи.



GreenUp е прва ваква иницијатива во Бугарија; основачот, како млад претприемач, докажа дека младите се полни со идеи и креативни решенија, на кои им треба малку поттик за да се претворат во реалност.

greenup.bgzerowaste.com/

Бугарија

Project ECO



Еколошките проблеми не бараат само сложени решенија, туку и едноставни, кои можат да ги подобрат нашите општества. Темите што вклучуваат управување со отпад, загадување на воздухот и зачувување на природата, им даваат на младите шанса да предложат иновативни, еколошки концепти кои ќе го поддржат одржливиот развој. Ивајло Цочев, млад претприемач, верува во способноста на неговите врсници да ја променат нашата планета и ги поддржува во преземањето на почетните чекори преку различни проекти, вклучувајќи го и натпреварот Project ECO. Проектот ЕКО е иновативен натпревар кој им дава глас на младите луѓе да обликуваат одржлива иднина. Првото издание на иницијативата се одржа во јуни-август 2020 година, при што младите на возраст од 15-30 години ги доставија своите идеи да придонесат за преработка на отпадот, одржување на чист воздух и зачувување на бугарското крајбрежје.Водечкиот принцип на натпреварот Проект ЕКО е дека промената кон зелена иднина е можна со јасен план. Проектот ЕКО е организиран од Нула Отпад (Zero Waste).

Лекцијата која се научи при воспоставувањето на Проектот ЕКО и другите зелени иницијативи е професионалноста на експертите, практичарите и бизнисите, што може лесно да се канализира за следната генерација зелени претприемачи кои можат да ја заштитат животната средина на одржлив и креативен начин.

https://projecteco.eu/

Save Your Hood

Грција

Ѓубрето е сериозен проблем во Грција. Во Грција има многу јавни места, како паркови или плажи, полни со ѓубре, поради неодговорното однесување на граѓаните. Луѓето станаа уште помалку заинтересирани за овој проблем за време на ситуацијата со Ковид-19 и како резултат на тоа беше креирана иницијатива во Грција. Save Your Hood ги обединува еколошки свесните и активните граѓани и ги овластува да преземат активна улога кон подобра, позелена и поодржлива иднина. Save Your Hood организира настани за чистење на соседството, каде што волонтери и активни граѓани го собираат ѓубрето од конкретната населба, создавајќи чисти, естетски попријатни и поздрави места за живеење. Идејата се роди за време на првото заклучување на пандемијата „Ковид-19" (пролет 2020 година), по што беше создадена посветена Фејбук група, која имаше задача да допре до волонтерите, да ги промовира акциите во рамките на иницијативата „Зачувај го своето соседство" и да ги координира настаните. Наскоро, стана добро позната, за време на второто заклучување, во ноември 2020 година. Овој едноставен настан стана движење, а сега иницијативите Save Your Hood се случуваат низ цела Грција. **Преку основањето и разработката на иницијативата се докажа дека мотивацијата и добриот пример можат силно да влијаат на другите – тоа е клучот за успехот на ваквите иницијативи.**



https://saveyourhood.gr



SNAP s.r.l

Италија

Револуцијата што тимот предлага да се имплементира со овој старт-ап е содржана во нејзиното име, SNAP, крцкање на прстите, што треба да ја евоцира леснотијата со која урбаната мобилност може да се преиспита и подобри. Целта на овој млад тим е да го донесе италијанското инженерство од длабокиот југ, каде што ги има своите корени, во остатокот од Европа и повеќе да не ги сфаќа загадувањето, безбедноста, сообраќајот, времето и трошоците како проблем. Може да се каже дека се започна со потребата за агилно, со високи перформанси и пред се, зелено возило. Примарната цел на SNAP е да обезбеди транспортни средства кои се еколошки и корисни за потребите на денешниот пазар. SNAP советува постојано да се идентификуваат можностите во ситуација на потреба. Почитувањето на животната средина е неопходност што може да се поврзе со посвесна и мобилност, без да се откажеме од нашиот животен стил. **Секогаш бидете јасни за вашата цел и не напуштајте ги вашите вредности: во случајот на SNAP, синтезата е во инженерската примена за почитување на животната средина.**

snap-mobility.com



Supuppy

Полска

Дејноста е производство на органски, висококвалитетни додатоци во исхраната за кучиња. Компанијата е пример за добро подготвена кампања и придобивање клиенти пред создавање на реален производ. Во моментов суплементите се уште не се во продажба. Сепак, извештајот за здравјето и исхраната на кучињата е веќе подготвен во соработка со водечки полски специјалисти и ветеринари. Supuppy е активен во социјалните медиуми, градејќи свест и создавајќи публика која веќе го чека производот. Ова е првиот полски пример на додатоци во исхраната кои ќе го поддржат здравјето на кучето и ќе бидат 100% органски и природни. Пандемијата ги поттикна овие претпиемачи и придонесе во создавањето и развојот на проектот. Учеството во онлајн активности и работа на далечина им овозможи на сооснивачите од помалите градови да користат знаење, акцелераторски програми и ментори. Тие би можеле да посветат повеќе време за развојот на компанијата. Од друга страна, пандемијата резултираше со значително зголемување на цените на производите и амбалажата. Синџирот на снабдување беше одложен, па набавката на производи траеше подолго и се одвиваше отежнато. **Основачите нагласуваат дека можеби ќе научите повеќе преку искуство отколку преку формално образование во првата година од водење на фирма. Апелираат на равој го вашето чувство за одговорност и свесност за вашите вештини и недостатоци. Да се биде претприемач несомнено ве учи на самодоверба, отвореност и подобро управување со времето.**

https://supuppy.com/

Wezero

Шпанија

Wezero е онлајн продавница која обезбедува широк спектар на производи, од лична нега до домашни и прехранбени производи. Тимот го поедностави враќањето на амбалажата за пакување, така што патот до нула отпад го направи достапен и полесен. Wezero е еднакво на дом без пластика; контејнери/паковање кое може да се компостира или реупотребува. Идејата за Wezero се роди по долгогодишно купување на големо од физички продавници. Заклучокот на основачот на Везеро беше едноставен: ако не го поедноставиме купувањето без отпад, мнозинството никогаш нема да го прифати овој начин на консумирање. Вака основачите го лансираа Wezero во мај 2021 година, како поедноставен начин на онлајн купување. Принципите на Wezero беа едноставни и во согласност со сонот за поедноставување на животот без пластика и со поголема одржливост. Иако Везеро беше добра практика, понекогаш дури и добрите и скромни идеи можат да имаат краток животен век. За жал, Wezero трајно престана да работи на 25 мај 2022 година. Wezero престана да работи од различни причини: и стратешки и лични причини од основачот.

https://wezero.es/





3DilBio

Италија

3DilBio е замисла за градежната индустрија на двајца млади италијански инженери со иновативни идеи. 3DilBio предвидува изградба на 3D печатач способен да гради куќи на лице место со помалку време/трошок од традиционалните градби и конструкции. За жал, пандемијата Ковид-19 го одложи развојот на овој бизнис, но во таа фаза, младите инженери одвоија време да се фокусираат на дизајнирање на 3D печатачот. Иновативното производство е поврзано со нов начин на производство на исти предмети, но со различен пристап. Во овој случај, веќе не постои идеја за изградба на куќа со помош на тули, туку „инка" што се движи по шини со големи димензии. **Главните научени лекции се однесуваат на банкарските и потрошувачките аспекти; пристап од 360° кон различни технички аспекти, дури и надвор од нечија област на компетентност; решавање на проблеми кои произлегуваат од надминати неочекувани настани; барање партнери и креирање на нивниот пазар; и управување со добавувачи и клиенти.**


www.3dilbio.com

Социјален Сектор

Друг сектор кој беше силно погоден и се соочи со предизвици беше социјалниот сектор.

Оваа криза беше предизвик за многу социјални претпријатија, имајќи предвид дека нивните бизнис модели често се фокусираат на обезбедување клучни услуги за ранливите луѓе, лице в лице. Од друга страна, социјалните претприемачи ефективно им служеа на ранливите популации со децении, создавајќи пристојни работни места и придонесувајќи со витални производи и услуги кои можат да им помогнат на различни начини и по цени што можат да си ги дозволат - било да е тоа вода, здравствена заштита, санитација, храна или финансиски услуги. Значи, не беше за изненадување што социјалните претприемачи беа во одлична позиција да скокнат како „прв одговор" на кризата. Нивните искуства испраќаат моќна порака за тоа како може да се комбинираат бизнисот и влијанието. Дополнително, социјалните претприемачи се покажаа од клучно значење за време на кризата со Ковид-19, бидејќи тој период резултираше со многу социјални проблеми како што се невработеност, глад, нееднаквост, недостиг на пристап до образование итн.

Еве ја листата на најдобри практики во социјалната област:



Balli Go

Bulgaria

Од почетокот на пандемијата „Ковид-19“, многу луѓе значително ги променија своите рутини и работни навики. Многу жени бараа ефективни и природни производи кои делумно им помагаат да ги надминат здравствените проблеми како што се несоницата и состојбите поврзани со стрес, без да земаат лекови. Тимот на Balli Go одлучи да одговори на овој предизвик со воведување серија производи базирани на CBD, обидувајќи се да ја доближи и објасни науката на пристапен начин за нивните клиенти. Првата серија на производи беше базирана на CBD. Сега, тоа е компанија за производи за убавина и здравје за жени кои работат и имаат мултиинтензивен животен стил. Паралелно, компанијата развива платформа со научни информации што им овозможува да донесуваат информирани одлуки кога купуваат слични производи. Филозофијата на Balli Go е едноставна наука. Науката може да каже кои природни состојки се корисни и кои можат да нанесат штета. Науката не информира за безбедноста и потребите од синтетички компоненти во производите што ги консумираме и внатрешно и надворешно. Науката знае како да ги искомбинира двата аспекти за да ги создаде најдобрите формули. Balli Go работи со некои од најголемите експерти во земјата, кои постојано помагаат во формулирањето и развојот на производите на компанијата. Balli Go не престанува да се информира со цел да обезбеди најдобар квалитет. **Balli Go е успешен бизнис бидејќи е роден од страст, посветеност и многу часови напорна работа.**

https://balligo.com

Brewno


Романија

Brewno е многу специјално кафуле кое го обезбедува најдоброто кафе од жетвата. Се наоѓа во Темишвар, Романија и промовира извонредна култура на кафе, помеѓу другите слични иницијативи во градот. Младиот претприемач Раул Талпос е сопственикот на Brewno.

Бруно беше отворен за време на пандемијата „Ковид-19“ во летото 2020 година. Процесот на отворање започна пред кризата, во есента 2019 година. Кога се појави пандемијата, не беше јасно како ќе се развива нејзиното сценарио.. Непредвидливоста и несигурноста беа клучните проблеми, сепак, Brewno е едно од ретките специјализирани кафулиња што успеаја за време на пандемијата. Раул тврдеше дека неговата најголема лекција е тоа што никогаш не се откажува, без разлика на ситуацијата. Пандемијата Ковид-19 беше непријатна ситуација за него, како и за многу други. **Раул беше решен да го задржи интегритетот на своето специјализирано кафуле. Компромитирањето на неговата бизнис идеја е еквивалентно на компромитирање на самиот себе.**

Brewno





EduHub

Полска

EduHub се заснова на менаџирање и создавање образовни установи кои нудат алтернативни методи на образование. Акцентот е ставен на персонализирано образование со истовремен емоционален и социјален развој, како одговор на потребите на учениците на денешницата. Главната активност е фокусирана на основното училиште EduHub во Катовице, регистрирано во септември 2021 година. Училиштето креира персонализирана образовна средина. Часовите се одржуваат во интимни групи од мешана возраст, благодарение на што секој ученик може да работи и да се развива со свое темпо. Не постојат елементи типични за повеќето училишта, кои го одвлекуваат вниманието на учениците и ги обесхрабруваат во процесот на учење, т.е. Нема оценки - Повратните информации мотивираат за поголем развој, нема ѕвончиња за часовите, учебници, вежби или домашни задачи. Сепак, пандемијата беше неповолно време за развој на една компанија во образовната индустрија. Првиот голем предизвик беше прашањето за финансирање на училиштето од надворешни инвеститори, на кои им беше тешко да го гарантираат успехот на оваа бизнис идеја. И покрај тоа, Бартек, директорот на училиштето, се зафати со ова прашање од малку поинаков агол, со претпоставка дека ако почне да работи и покрај сегашните предизвици, ќе ги надмине пречките. Заедно со одржувањето состаноци и ангажирањето наставници преку Интернет, тој се фокусираше и на негување на односите со инвеститорите и партнерите. Беше клучно брзо да се прилагодиме на променливите околности. **Најважната лекција за основачите беше фокусирањето на односите со партнерите и да се сфати дека конфликтите често се појавуваат затоа што сите страни сакаат најдобар исход.**

https://www.szkolaeduhub.pl/

Eduspace

Полска

Младите се изложени на голем стрес во текот на образованието и често мораат сами да се справат со тоа, бидејќо нивните родители честопати не ги знаат алатките и не знаат како да им помогнат на своите деца. Инспирирани од ова, двајца млади луѓе создадоа онлајн платформа наречена Eduspace посветена на образованието и поддршката на младите (на возраст од 12-19 години). Платформата нуди подготовка за испити, курсеви и дополнителни часови со наставници за млади луѓе кои имаат потешкотии во учењето или сакаат да ги развијат своите интереси. Eduspace нуди и туторство, дијагностика на предиспозиција и психолошка поддршка. Огромната вредност на Eduspace е инклузивноста. Платформата обезбедува пристап до образование и поддршка на луѓе од цела Полска, вклучувајќи ги исто така и луѓето од помалите градови и села, кои имаат ограничен пристап до образовни едукатори. Компанијата почна да работи за време на пандемијата. Новите услови ги принудија сопствениците да направат брз пресврт и да го променат бизнис модел. Наместо да се создаде место во Варшава, како што беше првично планирано, беше лансирана онлајн платформа. За време на пандемијата, луѓето стекнаа позитивен став кон онлајн соработувањето, што само им олесни на сопствениците да ги стекнат своите први клиенти. Благодарение на онлајн активноста, беше можно да се најдат клиенти и образовни едукатори (специјалисти) низ цела Полска, а не само во еден град. **Водењето на компанијата ги научи претприемачите брзо да се приспособуваат, помалку да се потпираат на нивните верувања, повеќе да слушаат повратни информации и да учат од грешките.**



https://eduspace.edu.pl/



FoodoBox

Бугарија

Младите се изложени на голем стрес во текот на образованието и често мораат сами да се справат со тоа, бидејќо нивните родители честопати не ги знаат алатките и не знаат како да им помогнат на своите деца. Инспирирани од ова, двајца млади луѓе создадоа онлајн платформа наречена Eduspace посветена на образованието и поддршката на младите (на возраст од 12-19 години). Платформата нуди подготовка за испити, курсеви и дополнителни часови со наставници за млади луѓе кои имаат потешкотии во учењето или сакаат да ги развијат своите интереси. Eduspace нуди и туторство, дијагностика на предиспозиција и психолошка поддршка. Огромната вредност на Eduspace е инклузивноста. Платформата обезбедува пристап до образование и поддршка на луѓе од цела Полска, вклучувајќи ги исто така и луѓето од помалите градови и села, кои имаат ограничен пристап до образовни едукатори. Компанијата почна да работи за време на пандемијата. Новите услови ги принудија сопствениците да направат брз пресврт и да го променат бизнис модел. Наместо да се создаде место во Варшава, како што беше првично планирано, беше лансирана онлајн платформа. За време на пандемијата, луѓето стекнаа позитивен став кон онлајн соработувањето, што само им олесни на сопствениците да ги стекнат своите први клиенти. Благодарение на онлајн активноста, беше можно да се најдат клиенти и образовни едукатори (специјалисти) низ цела Полска, а не само во еден град. **Водењето на компанијата ги научи претприемачите брзо да се приспособуваат, помалку да се потпираат на нивните верувања, повеќе да слушаат повратни информации и да учат од грешките.**

https://foodobox.com/

Growth Hub

Грција

Growth Hub е младинска невладина организација со седиште во Триполи, Грција, која работи на глобално ниво. Growth Hub има за цел да ги вклучи младите луѓе во младински мобилности и волонтерски активности на локално, национално и меѓународно ниво за да им ги обезбеди потребните алатки и вештини за дигиталната иднина и да промовира одржливост и инклузија. Нивната главна цел е младите луѓе да бидат промената што сакаат да ја видат на глобално ниво со промовирање на солидарност, активно државјанство и разбирање меѓу културите преку програми за неформално образование. Најголемиот проект на Growth Hub е Универзитетски Можности - прва платформа во Грција за откривање и информирање на младите луѓе и студенти за сите достапни можности што можат позитивно да влијаат на личните и професионалните животи. Ефективен мост помеѓу барателите на можности и даваталите на можности за взаемен развој преку размена на информации, знаење и вештини. Покрај тоа, платформата нуди дигитални алатки за личен развој, како што се подкасти. И покрај тоа што Growth Hub беше создаден во април 2019 година (како младински бран), организацијата стана активна во летото 2021 година. Пандемијата само ја намали потребата на младите луѓе за да искусат, развиваат вештини и да можат да се прилагодат на критични ситуации. Според Growth Hub, мотивиран и посветен тим е клучот за успехот. **Тимската работа им овозможува да ги надминат разликите и ги наоѓа најдобрите решенија за предизвиците. Покрај тоа, мотивацијата на членовите на тимот, нивните свежи идеи и постојаната соработка им овозможува да развијат нови и предизвикувачки проекти, да стекнат вредно искуство и да го поттикнат развојот на организацијата.**



https://growthhub.gr/



MindFit

Бугарија

MindFit е резултат на претприемничка експертиза со љубов кон психотерапијата. MindFit е онлајн платформа која им овозможува на вработените од различни компании пристап до курирана мрежа на специјалисти од областа на психологијата и психотерапијата. Ковид-19 се покажа како исклучително штетен за менталното здравје, при што студиите покажаа зголемување на присуството на анксиозност и депресија кај вработените од 25%. MindFit може да биде многу корисен и за вработените и за работодавците кога ќе се сретнат со вакви предизвици. MindFit обезбедува психотерапија достапна за вработените како социјална придобивка и се спроведува со целосна доверливост и избрани, квалификувани, независни психотерапевти, со онлајн и офлајн терапевтски сесии. **Филозофијата на MindFit е едноставна: Грижете се за вашите луѓе на нивниот начин!**

https://mindfit.bg/

Openous

Грција

Првата грчка невладина организација која развива издржливост децата и адолесцентите преку иновативни образовни програми и промовирање на образованието. Преку иновативен модел базиран на социјално-емоционално учење (SEL) и Peer-to-Peer едукација (врсник на врсник), Openous создава иновативни едукативни програми кои имаат за цел да ги развијат десетте животни вештини: самодоверба/самопочит, емоционална интелигенција, емпатија, вештини за справување, внимателност, комуникација и вештини за интерперсонални односи и управување со стрес, критичко и креативно размислување и решавање проблеми. Секое претпријатие ширум светот мораше да се соочи со многу предизвици по почетокот на пандемијата Ковид-19. Овие потешкотии беа значително поголеми за новооснованите претпријатија, како што е Openous, основана на крајот на 2019 година. Прво, како образовна организација, Openous мораше да ги приспособи сите програми за да може да се спроведуваат од далечина. Второ, бизнис планот мораше да се адаптира од почеток, за да одговори стратешки и финансиски на новите услови. Конечно, Openous мораше да најде нови начини за финансирање бидејќи сите овие промени можеа да доведат до негово затворање. **Од ова искуство тие ја извлекоа пораката дека „Во свет кој постојано се менува, додека никој не знае што ќе се случи, а иднината е непозната, издржливоста е една од најдобрите животни вештини што децата можат да ја стекнат“. Две години од пандемијата Ковид-19 го докажаа тоа до крај. Денешните издржливи деца се утрешните ментално и физички избалансирани возрасни и граѓани.**



https://openous.org

Printopia

Романија



Мисијата на Printopia е да ја поддржи социо-професионалната интеграција на лицата со попреченост преку нивно вклучување во многу различни профитабилни проекти. Пандемијата „Ковид-19" ја погоди компанијата, особено во првата година. Како и сите други, компанијата немаше доволно време да се подготви за прекинот што следеше. Меѓутоа, кога луѓето сфатија дека мора да се вратат на својот нормален начин на живот, Printopia можеше подобро да се организира и успеа да го зголеми својот промет и приходи. Можноста за работа на далечина и дигитализацијата на одредени задачи многу и помогнаа на компанијата. Printopia како бизнис модел е иновација сама по себе. Започнува со видливо лидерство од врвот на организацијата. Потоа, потребни се вистинските надзорници/ супервајзори, чувствителни на прашањата за попреченост на работното место. Сите вработени добиваат обука за попреченост. Пресвртницата е во тоа да се обезбеди вистинска усогласеност помеѓу вештините на вработените и работата. Секој вработен со попреченост добива обука за безбедност и вештини пред вработувањето. Менторството од страна на други вработени е исто така корисно. Printopia успеа да ги разбие стереотипите и скептицизмот на клиентите во однос на работата што ја вршат лицата со попреченост. **Пораката што сакаат да им ја пренесат на луѓето е дека вклучувањето на лицата со попреченост е од клучно значење бидејќи на сите ни овозможува да ја цениме вредноста на социјалната интеракција како рутинска секојдневна активност.**

www.printopia.ro


Фондација за зајакнување на надежта

Романија



Фондацијата за зајакнување на надежта е невладина организација со над 20 години активност за поддршка на децата со посебни потреби и нивните семејства. Фондацијата придонесе за успешно прифаќање на деца со дијагноза аутизам, АДХД, Даунов синдром и други дијагнози, во редовните училишта. Целите на фондацијата се да се осигура дека секое дете со попреченост може да има корист од инклузивен образовен систем и дека секој возрасен со попреченост ги има вештините потребни за самостоен живот. Фондацијата е препознаена како иницијатива за најдобра практика за Центарот за рана интервенција, нудејќи терапии за бебиња веднаш штом ќе бидат дијагностицирани или се изложени на ризик да развијат попреченост. Ваквата иницијатива е од суштинско значење за Романија бидејќи земјата нема добро дефинирана правна рамка за национална програма за рана интервенција. Проектот „Добар почеток" доведе до имплементација на мултидисциплинарни услуги за следење и скрининг на децата во раните фази, како и обука на родителите за соодветна поддршка на нивниот развој. **Резултатите станаа подобри и повидливи кога организацијата најде сојузници и луѓе кои сакаат да работат за исти цели. Создавањето огромна заедница и помогна на фондацијата да ја пренесе својата порака и да обезбеди услуги на повеќе луѓе и деца на кои им се потребни.**

www.fundatia-speranta.ro



Забележете куче скитник

Грција

Spot a Stray е првата алатка за лесно и брзо следење и регистрирање на кучињата скитници (и нивната популација) по региони. Денес не постои ниту една алатка во оваа насока, не само на национално, туку и на европско и глобално ниво. Мисијата на Spot a Stray е да понуди бесплатна апликација каде што луѓето ќе можат да ги следат и регистрираат бездомните или изгубените кучиња на интерактивна мапа, создавајќи референца и унифицирана база на податоци за кучињата скитници во Грција. На овој начин, релевантните засегнати страни подобро ќе обезбедат соодветна грижа, третман и соодветни домови за тие животни, за да помогнат во решавањето на маките на напуштените кучиња во земјата. Она што сигурно е важно е да се промовира активноста и да се има добар тим. Во случајот Spot a Stray, тимот се состои главно од волонтери кои исто така беа и најголемиот ресурс за да се заврши со креирањето на апликацијата. Идејата започна во март 2021 година, а за нив беше - и сè уште е - навистина тежок обидот да се усогласат со локалните власти, кога не постои протокол или упатства за оваа специфична цел. **Затоа, основачите научија како да бидат многу издржливи и трпеливи додека прогресивно стануваа се поприсутни во просторот на локалните власти.**

https://linktr.ee/spotastray

The Beehive Community

Грција

The Beehive Community е социјална организација која нуди работилници, семинари и обуки за само-подобрување на поединци и групи. Главната цел е да се поткрепи социјалната промена преку личен развој. Организацијата промовира култура на грижа додека ја подобрува благосостојбата. Визијата на The Beehive Community за општествени промени е директно поврзана со ослободување на луѓето од личните и општествените ограничувања за да можат да дејствуваат со својот целосен потенцијал, слободно, креативно и со високо ниво на свест. Како и многу други организации за време на Covid-19, Beehive Community беше поттикната да создаде нова онлајн верзија на сите семинари на Beehive. На почетокот, овој нов начин на организирање семинари изгледаше како тешка задача, но членовите на тимот научија нови алатки и развија нови вештини за да се прилагодат на промените. Дури и по завршувањето на мерките за Ковид-19, тие продолжија да нудат вебинари. Додека работите на социјално поле, важно е да се даде „глас" на членовите на заедницата. Концептот на култура на грижа е особено иновативен и велат дека примарен клуч за успех е давање услуги и активности кои им се потребни на луѓето. Иако овој концепт е многу нов и неразвиен, тој има позитивно влијание на ниво на поединец и заедница.

https://the-beehive.org/el/

The Beehive Community откри дека да се биде претприемач е доста напорен процес и дека е клучно да се најдат алатките и стратегиите за приспособување на услугите во различни ситуации без да се изгуби од вид првичниот концепт и цел.



Улаф Сте

Северна Македонија



Улаф Сте е кафе бар основан од Радмила Перик и Мартин Ангелов, лоциран во Битола, Северна Македонија. И двајцата сопственици се глуви. Тие сакаат да го инспирираат локалното население со тоа дека има многу потенцијал во заедницата на глуви и лицата со различна попреченост. Дел од декорацијата на кафе барот се и фотографии од македонскиот знаковен јазик, па муштериите можат да учат додека се во барот. Радмила и Мартин го отворија кафе барот неколку месеци пред Ковид-19. Тие се соочија со некои потешкотии бидејќи бројот на клиенти се намали поради многу различни причини. Клиентите не можеле да го посетат кафе барот поради ограничувањата, што им ги намалило приходите. Но тие не се откажаа. Решени да успеат, тие бараа алтернативни начини за подобрување на барот и пазарот. Исто така, една од главните пречки беше тоа што кога луѓето носеа маски, на сопствениците на кафулето им беше тешко да комуницираат бидејќи читаа од нивните усни. **Со отворањето на Улаф Сте, основачите сакаа да испратат порака дека глувите лица или лицата со различна попреченост, генерално, се способни да смислат различни бизнис идеи. Тие се соочуваат со истите предизвици и потешкотии како и останатите, но сепак ги постигнуваат своите цели. Тимот сакаше да докаже дека може да придонесе за општеството исто како и останатите.**

Ulaf Ste

Yellow Shirts

Романија

Yellow Shirts (YS) (Жолти кошули) е младинска организација основана за поддршка и интегрирање на младите во заедницата. Активностите на YS се фокусираат на помагање на нивните корисници во нивниот личен и професионален развој, со фокус на волонтерските активности во спортот и образованието во заедницата, како контекст за нивната еволуција. Активностите на YS беа намалени и преобликувани бидејќи повеќе не беа дозволени физички контакти и состаноци. Сепак, тие успеаја да создадат различни дигитални производи кои сè уште се корисни и користени во нивната работа, како и да промовираат повеќе од нивната работа и нивните соработници онлајн. Главниот принцип на работа на YS е да се работи малку по малку, чекор по чекори да се постигнува напредок кај секој млад човек посебно. Можеби не изгледа како големо влијание ако се оди на индивидуално ниво, но YS се фокусира на трансформирање на животото на еден, наместо да работи со повеќе истовремено. Основните активности што тие ги спроведуваат сега се промовирање на спортот и волонтирањето во спортот, промовирање на волонтерството воопшто и обука и поддршка на младите музичари да добијат потенцијален профит од нивната работа. Од аспект на основачот, клучно е да се даде приоритет на луѓето и активноста пред финансиската добивка. **Можеби ќе се збогатите, но парите се привремени. Подобро учите кога работите ги правите со отворено срце. Може да се следи овој етички принцип: луѓето како цели, а не како средства. Секоја пречка е неискористена потенцијална можност. Не се откажувајте од самиот почеток. Преспијте ја идејата, разговарајте со другите, барајте повеќе примери и слушајте ги другите.**

Yellow Shirts



Културен сектор

Откажаните концерти, театри, кина, настани за танцување, посети на музеи и места со културно наследство беа суровата реалност на пандемијата „Ковид-19" во културниот сектор. Секторот беше најмногу погоден за време на кризата Ковид-19. Сфативме дека не знаеме што имаме се до многу вредната лекција која ни ја одржна Ковид-19.

А што е свет без култура, свет без иднина? УНЕСКО

Културата и креативноста се вода во пустината, нешто што му дава светлина на светот, ја зачувува духовната сила на луѓето и дава топлина и енергија. Нешто многу потребно во едно демократско општество. Според зборовите на претседателот на CDCPP (Управен комитет за култура, наследство и пејзаж), г-дин Леван Каратишвили: „Не паничете: културата е секогаш таму - и ќе има уште повеќе по Ковид кризата".

Како и да е, се појави и многу позитивност од предизвиците на Ковид-19. Луѓето најдоа начини да се преиспитаат, да се подобрат и да измислат начини да ја користат технологијата за да ја одржат културата жива и поврзана со многу луѓе. Групи на луѓе се собираа за да се вклучат онлајн во нивните алтернативни културни активности. Низ облаците блеснаа солидарноста и емпатијата. Конечно, вреди да се истакне дека кризата ги воведе во културниот сектор огромните можности на дигиталната технологија.



Bea Gateste

Романија

Кај Беа Гатесте сè се врти околу претворање на идеи во вкусна реалност. Преку нејзината работа, Никол Беатрис Теигиу Јурј (Беа Гатесте) сака повторно да ги реоткрие сите видови колачи, пецива и кулинарски рецепти. Беа Гатесте има за цел да им понуди исклучителни резултати на своите клиенти слушајќи го она што тие го сакаат. Без разлика дали се работи за комбинирање на слатко и солено или сакате да го направите рецептот на вашата баба, Беа Гатесте може да направи се. Беа Гатесте е запознаена со тешкотиите со кои се соочуваа малите бизниси за време на пандемијата „Ковид-19", бидејќи таа го започна својот бизнис за време на почетниот бран на вирусот. Беа Гатесте ги презеде сите мерки на претпазливост кои можат да се замислат, иако не беше најдобро време да се отвори онлајн продавница која врши испораки.Уникатниот аспект на ова претпријатие е што Беа сака да остане во контакт со своите клиенти дури и по нарачката, бидејќи нивните повратни информации се она што го прави бизнисот подобар во секој ден што поминува. Иновативна практика за која се грижи бизнисот е измислување на нови рецепти со клиентите. На овој начин, тие имаат торта што не можат да ја добијат никаде на друго место, а производот го има нивниот личен печат. **Додека го развиваше бизнисот, Беа научи да работи под притисок. Бидејќи промените на нарачките во последен момент се дозволени, клучот беше да се остане флексибилен. Иновацијата, исто така, бара време. Така, прифаќањето на неуспехот беше клучна компонента на патот.**

Bea Gateste

Book Journey

Бугарија

